Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-150/2
_________ година
08-02-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 150/1 од 06.02.2023 година, поднесена од [redacted] како регистрант на веб страницата [redacted] од Скопје против Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 08.02.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 150/1 од 06.02.2023 година, поднесена од [redacted] како регистрант на веб страницата [redacted] против Комисија за спречување и заштита од дискриминација **заради ненадлежност**.

## О б р а з л о ж е н и е

На 06.02.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 150/1, поднесена од [redacted] како регистрант на веб страницата [redacted] против Комисија за спречување и заштита од дискриминација.

По разгледувањето на претставката, ве информираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Согласно членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде што таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да ја оценува сопствената работа. Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може да постапува во конкретниот случај.

Врз основа на тоа, доколку подносителот смета дека му е повредено правото на еднаквост од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, го упатување да се обрати до Народниот правобранител, во согласност со член 2, став 1 од Законот за народен правобранител.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
08.02.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено електронски на следната е- mail адреса: [redacted]